ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА НА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА АЛБАНСКИ ТЕАТАР - СКОПЈЕ

СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (603)

01 2025 05 04/1

Скопје, мај 2026 година

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа Албански театар - Скопје за 2024 година на сметката на основен буџет (603).

Со извршената ревизија, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2024 година и мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за годините кои претходат на годината предмет на ревизија на оваа сметка.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на НУ Албански театар за 2024 година, утврдивме состојби кои се однесуваат на:

- слабости во процесот на вршење на попис на средствата и изворите на средства;
- не воспоставена материјална евиденција за материјалните средства;
- евидентирање на градежни објекти без обезбеден акт за сопственост;
- евидентирани материјални средства во подготовка и покрај обезбедено Одобрение за употреба и дадени препораки за пуштање во употреба на градежниот објект и опремата;
- не дефиниран начин на набавки, прием, издавање и задолжување со материјалите и ситниот инвентар;
- слабости во начинот на регистрирање и евидентирање на полното работно време и
- намирување на обврски по проекти од минати години за кои не се предвидени финансиски средства со тековниот Годишен план за работа.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Нагласување на прашања обелоденети се состојби кои се однесуваат на:

- нерегулиран начин на користење на недвижни и движни ствари;
- функционирање на Управниот одбор без законски утврдениот број на членови;
- внатрешната организација и систематизација на работните места во установата;
- начинот на користење на паркинг просторот наменет за публиката на театарот и
- судски постапки во тек.

Во делот на Останати прашања истакнуваме состојба која се однесува на недефинирани механизми во Законот за културата за задолжително ангажирање на давателите на услуги во реализација на годишните програми за работа.

Во делот на внатрешните контроли укажуваме дека не се донесени интерни процедури за значајни процеси во установата, не е систематизирано работно место за раководител на единицата за финансиски прашања и не се назначени лица за вршење на ex- ante и ex- post финансиска контрола.

Од страна на НУ Албански театар доставен е Допис со кој се информира дека одговорното лице нема забелешки по однос на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи | 3 |
| 3.2. | Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи | 7 |
| 4. | Нагласување на прашања | 9 |
| 5. | Останати прашања | 13 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 13 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 13 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 14 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 14 |
| 10. | Недостатоци во внатрешната контрола | 16 |
| 11. | Одговор на ревидираниот субјект | 17 |
| Финансиски извештаи за 2024 година | | |
| Биланс на приходи и расходи | | 18 |
| Биланс на состојба | | 19 |
| Преглед на промени на извори на капиталните средства | | 20 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 21 |
| Сметководствени политики | | 24 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 26 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АКН | Агенција за катастар на недвижности |
| ДИГУ | Државен инспекторат за градежништво и урбанизам |
| ЗЈВФК | Закон за јавна внатрешна финансиска контрола |
| ЗЈН | Закон за јавните набавки |
| МК | Министерство за култура |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| НУ Албански театар | Национална установа Албански театар - Скопје |
| РО | Работна организација |
| УО | Управен одбор |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 29-641/8
Дата: 26.05.2026

## 1. Вовед

Националната установа Албански театар – Скопје е основана од Владата на Република Македонија со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата заради остварување на националниот интерес во културата[1].
НУ Албански театар е непрофитна национална установа од областа на културата со својство на правно лице.

Основната дејност на НУ Албански театар е изведувачка уметност која е од национален интерес и опфаќа: подготвување и јавно изведување на драмски дела, подготвување и изработка на опрема за драмски проекти, изнајмување на сценскиот простор, костимите, декорот и друга театарска опрема, превоз на опремата од претставите и други работи согласно Законот за културата.

Покрај основната дејност, театарот ги врши и следните дополнителни дејности:

- издавање на книги;
- издавање на списанија и периодични публикации и
- помошни дејности во изведувачката уметност.

Орган на раководење на националната установа е директор кој по пат на јавен оглас, го избира министерот за култура и туризам за период од четири години.

Орган на управување на национална установа е управниот одбор сочинет од пет претставници што ги именува и разрешува министерот за култура и туризам.

Управниот одбор донесува статут со кој се утврдуваат дејноста, организацијата, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што се од значење за установата.

[1] Сл. весник бр.84/03 и 13/11

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 18 до 20 на Национална установа Албански театар - Скопје, на сметката на основен буџет (603) за 2024 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Национална установа Албански театар - Скопје за 2024 година на сметката на основен буџет (603) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Национална установа Албански театар – Скопје на ден 31 декември 2024 година на сметката на основен буџет (603), како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.2. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Национална установа Албански театар - Скопје, за 2024 година, на сметката на основен буџет (603), во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за неповолно мислење за финансиските извештаи

3.1.1. НУ Албански театар согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници[2] и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници[3] има обврска на крајот на годината да ја усогласи состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот. Со извршениот увид во документацијата и пописниот материјал, ревизијата утврди дека:

- не е извршен попис на земјиштето, градежните објекти, опремата, материјалните средства во подготовка, залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар што не е во согласност со член 29 и 31-а од Правилникот;
- со состојба на 31.12.2024 година во деловните книги на НУ Албански театар искажани се побарувања во износ од 1.368 илјади денари. Ревизијата констатира дека 723 илјади денари од евидентираните побарувања потекнуваат од пред 2011 година за кои поради непреземени мерки за нивна наплата согласно Законот за облигационите односи е настаната апсолутна застареност, додека 164 илјади денари се однесуваат на побарувања за кои не се преземени мерки за наплата а за истите е изминат период од повеќе од пет години. При вршење на пописот на побарувањата, Комисијата не го утврдила правниот основ за постоење на побарувањата, ниту се потврдува дали и какви мерки се преземени од одговорните лица за наплата на истите, што не е во согласност со член 31-в од Правилникот и
- при вршење на пописот на обврските, Комисијата не го утврдила правниот основ за нивното постоење што не е во согласност со член 31-в од Правилникот. И покрај ваквата состојба од страна на Комисијата даден е предлог за отпис на застарени обврски, за што УО има донесено Решение за отпис на застарени долгови[4] кои потекнуваат од период од 2009-2018 година.

Наведените слабости во процесот на извршување на пописот влијаат на можноста за потврдување на реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31.12.2024 година.

Препорака

Одговорните лица во НУ Албански театар, да преземат мерки и активности за:

- вршење на физички попис на земјиштето, градежните објекти, опремата, материјалните средства во подготовка и залихите на

[2] Сл. весник бр.61/02,98/02, 81/05, 24/11, 145/15,170/17, 122/21
[3] Сл. весник бр. 28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13
[4] бр. 02-274/3 од 19.06.2025 година

материјали, резервни делови и ситен инвентар и усогласување на сметководствената евиденција со фактичката состојба и
- вршење на попис на побарувањата и обврските со утврдување на правниот основ за нивното постоење.

3.1.2. Со извршениот увид во деловните книги и доказите кои претставуваат основ за евидентирање на трансакциите во истите, а се однесуваат на постојаните средства, ревизијата ги констатира следните состојби:

- не е воспоставена материјална евиденција за евидентираното земјиште, градежните објекти и опремата со сегашна вредност од 14.685 илјади денари, што не е во согласност со член 8 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој буџетите и буџетските корисници водат деловни и помошни книги (аналитичка евиденција);
- не е пресметана ревалоризација на евидентираното земјиште, дел од градежните објекти ( бараки и хангар) и дел од опремата што не е во согласност со член 20 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и член 28 од Правилникот според кој буџетите и буџетските корисници се должни да ги ревалоризираат долгорочните средства и
- во деловните книги евидентиран е градежен објект - хангар со набавна вредност од 153 илјади денари и исправка на вредност од 153 илјади денари кој потекнува од пред 2011 година. Во однос на истиот, на ревизијата не и беше презентиран акт за сопственост и начинот на утврдување на правото на користење, ниту акт за определување на евидентираната набавна вредност, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

Горенаведените состојби влијаат на вистинитоста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба.

Препорака

Одговорното лице на НУ Албански театар да преземе мерки и активности за:

- обезбедување на документ за сопственост и начинот на утврдување на правото на користење на градежните објекти и
- воспоставување на материјална евиденција на постојаните средства, редовно пресметување на ревалоризација и нејзино континуирано усогласување со сметководствената евиденција.

3.1.3. Во деловните книги на НУ Албански театар со состојба на 31.12.2024 година, искажани се материјални средства во подготовка со сегашна вредност од

641.187 илјади денари. Со извршениот увид во сметководствените документи ревизијата ги констатира следните состојби:

- за материјалните средства во подготовка во висина од 3.253 илјади денари кои потекнуваат од пред 2011 година, на ревизијата не и беше презентирана поткрепувачка документација врз основа на која е извршено евидентирањето во сметководствената евиденција, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи;
- евидентираните материјални средства во подготовка со сегашна вредност од 637.934 илјади денари се однесуваат на извршената реконструкција на објектот во кој е сместен театарот согласно ИЛ бр.9248 и Одобрение за градење бр. 20 УП 865/2 од 06.06.2012 година. Согласно сметководствената документација, ревизијата констатира дека не се евидентирани материјални средства во подготовка во висина од 9.513 илјади денари кои потекнуваат од градежни ситуации и фактури за ревизија на проектна документација и надзор над изведбата.

  Во текот на ревизијата во налог бр. 133 од 31.12.2025 година извршено е евидентирање на не евидентираниот дел на материјалните средства во подготовка, поради што ревизијата не дава препорака во однос на констатираната состојба.

  За извршената реконструкција изготвен е Завршен извештај од страна на надзорниот инженер[5], извршен е технички преглед од страна на Комисија формирана од МТВ за што е изготвен Записник[6] и издадено е Одобрение за употреба[7]. По обезбеденото Одобрение за употреба, со Записник[8] во отсуство на изведувачот извршено е примопредавање на изведените работи и опрема.

  И покрај издаденото Одобрение и дадените препораки за пуштање во употреба на градежниот објект и опремата, истите до моментот на вршење на ревизија сеуште се водат како материјални средства во подготовка. Ваквата состојба влијае на вистинитото и објективно прикажување на позициите во Билансот на состојба и истата не е во согласност со член 22 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој основните финансиски извештаи мораат да дадат точен, вистинит и целосен преглед на состојбата на средствата и изворите на средствата.

  Ревизијата напоменува дека постапките за јавни набавки за доделување на договори за реконструкција на НУ Албански театар не беа предмет на

[5] тех.бр.096-10-19 од октомври 2019 година
[6] Записник на Комисијата за технички преглед од 08.10.2020 година
[7] бр. 20 Уп-865/2-2020 од 09.10.2020 година (бр.03-355/1 од 14.10.2020)
[8] бр. 03-412/1 од 12.11.2020 година

ревизија, од причина што целокупната документација со Записник[9] е предадена на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите – Скопје.

Препорака

Одговорното лице на НУ Албански театар да преземе мерки и активности за соодветно евидентирање на градежните објекти и опремата во финансиската и материјална евиденција.

3.1.4. Во деловните книги на НУ Албански театар евидентирани се материјали на залиха во вредност од 640 илјади денари кои потекнуваат од минати години и залихи на ситен инвентар во употреба со набавна вредност од 1.176 илјади денари и исправка на вредност од 1.176 илјади. Од евидентираните залихи на ситен инвентар во употреба само 21 илјада денари се набавени во текот на 2024 година, а останатите 1.155 илјади денари потекнуваат од минати години.

Со извршениот увид во документацијата, ревизијата утврди дека:

- не е воспоставена материјална евиденција што не е во согласност со член 8 став 1 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој буџетите и буџетските корисници водат деловни и помошни книги (аналитичка евиденција);
- не е уреден начинот на набавки, прием и издавање на материјалите и ситниот инвентар што не е во согласност со стандард 12 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, според кој субјектот од јавниот сектор за важните активности, особено за економските операции треба да утврди јасни и комплетни пишани процедури и истите да ги достави до сите инволвирани вработени;
- не се назначени лица кои имаат пристап до материјалните ресурси поради што не се врши материјално задолжување и раздолжување на материјали со кои располагаат вработените. Ваквата состојба не е во согласност со стандардот 18 од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, според кој раководителот со издавање на документи за овластување определува лица кои имаат пристап до материјалните, ресурси во субјектот од јавниот сектор и назначува лица одговорни за заштита и правилна употреба на овие ресурси.



Слика бр. 1 Просторија за костими

[9] 03-453/1 од 24.10.2018 година

Од извршеното физичко набљудување, ревизијата истакнува дека НУ Албански театар располага со голем број на костими, реквизити и други материјали и ситен инвентар кои се користат при реализација на годишните програми за работа на националната установа, а за кои не е утврдена вредност и не се води материјална евиденција.



Слика бр. 2 - Просторија за костими

Горенаведените состојби кои се однесуваат на не воспоставена материјална евиденција, контрола и чување на залихите на материјали и ситен инвентар влијаат на нереално и необјективно искажување на позициите во Билансот на состојба.

### Препорака

Одговорното лице на НУ Албански театар да преземе мерки и активности за:

- воведување на материјална евиденција на залихите на материјали и ситен инвентар во употреба;
- уредување на начинот на набавки, прием и издавање на материјали и ситен инвентар и
- назначување на лице кое ќе врши материјално задолжување и раздолжување на материјалите со кои располагаат вработените.

## 3.2. Основ за мислење со резерва за усогласеност со закони и прописи

3.2.1. За начинот на регистрирање и евидентирање на работното време во НУ Албански театар ревизијата ги утврди следните состојби:

- не е воведена евиденција на полното работно време што не е во согласност со член 116 од Закон за работните односи став 6 и 7, во кои е предвидено дека работодавачот кој има над 25 вработени е должен да води евиденција за полното работно време;
- во текот на 2024 година вработени се 32 даватели на јавни услуги во културата и тоа 28 од категорија А уметници - актери и 4 од категорија Б - уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела. Од нив седум односно 20% од актерите, во текот на 2024 година не се ангажирани во исполнување на репертоарите и активностите на НУ Албански театар и двајца од уметничките соработници од кои, еден е режисер чиј последен ангажман е од 2023 година. Исто така двајца актери не се ангажирани во ниту една претстава од репертоарите од 2011 односно 2019 година до денес, а на истите им се исплаќа плата за полно работно време без да биде обезбедена потврда за нивно присуство на работа што не е во согласност со член 116 од Законот за работните односи и член 30 и

31 од Колективниот договор за културата со кои се регулира полното работно време;

- од страна на работодавачот не е донесен Годишен план за распоред на работното време за проби, претстави, концерти, снимања и гостувања, што не е согласно член 32 од Колективниот договор за култура според кој Годишен план за распоред на работното време носи работодавачот и истиот е должен да го објави на огласната табла и да ги извести работниците по писмен или електронски пат по усвојувањето од страна на УО.

Горенаведените состојби кои се однесуваат на невоспоставена евиденција на работното време, не ангажираност на актерите во реализација на годишните програми за работа, како и недонесување на Годишен план за распоред на работното време придонесува пресметката и исплатата на плата да се врши врз основа на нереално одработени часови и отсуство од работното место.

Препорака

Одговорното лице на НУ Албански театар да преземе мерки и активности за:

- воведување на евиденција на полното работното време и
- донесување на Годишен план за распоред на работното време усвоен од страна на УО.

3.2.2. Согласно Законот за култура, Министерството за култура и туризам и директорот на НУ Албански театар склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа, со кој се уредува начинот на остварување и финансирање на годишната програма. Од извршениот увид во документацијата, ревизијата констатира дека во 2024 година евидентирани се расходи за проекти од Годишната програма за работа на НУ Албански театар од 2023 година, а за кои согласно Договорот за учество во финансирање на годишната програма за работа на НУ Албански театар за 2024 година не се предвидени буџетски средства за неизмирени обврски од претходната година. Истите се исплатени од сметката на основен буџет - 603 што не е во согласност со член 6 од Договорот за финансирање на Годишната програма[10], според кој покрај средствата обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, приходите кои Установата ќе ги оствари од други извори (закупнини, самофинансирачки активности, спонзорства, донации) е должна да ги користи за континуирано и непречено остварување на дејноста на установата, што влијае на наменското користење на буџетските средства.

Препорака

Одговорното лице на НУ Албански театар, Годишната програма за работа да ја реализира во рамки на обезбедените средства од Министерството за култура и

[10] Бр.03-78/1 од 04.03.2024 година

туризам, а во услови на надминување на обезбедените буџетски средства истите да се обезбедат од сопствени или други извори.

3.2.3. Со извршениот увид во доставената документација ревизијата утврди дека во НУ Албански театар од страна на одговорното лице не е назначен одговорен сметководител, а завршните сметки се потпишуваат од страна на советник за материјално – финансиско работење. Ваквата состојба не е во согласност со член 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, според кој овластеното лице на корисниците на буџетите одредува одговорен сметководител и истата влијае на намалена контрола над наменското и законското користење на буџетските средства.

Во текот на ревизијата со Решение бр. 03-74/1 од 09.02.2026 година назначен е одговорен сметководител поради што ревизијата не дава препорака во однос на констатираната состојба.

## 4. Нагласување на прашања

4.1. Националната установа Албански театар – Скопје е основана од Владата со Одлука за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата заради остварување на националниот интерес во културата[11]. Согласно истата, Основната организација на здружен труд „Албанска драма” и Основната организација на здружен труд „Работна заедница” при РО „Театар на народности” се обединуваат и продолжуваат со работа како Национална установа Албански театар – Скопје, додека основната организација „ Турска драма” при РО „Театар на народности” продолжува со работа како Национална установа – Турски театар Скопје.

По донесување на Одлуката, Националната установа Албански театар - Скопје е запишана како правен субјект во регистарскиот суд во Скопје со Решение бр.92/2005 од 25.02.2005 година.

Согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, правото на времено или трајно користење на недвижните и движните ствари од страна на државните органи се определува со одлуки од Владата, особено за недвижни ствари запишани во Катастарот на недвижности, како и движни ствари во државна сопственост што ги користеле субјекти кои престанале да постојат во правниот промет[12].

Имајќи го предвид горенаведеното, ревизијата истакнува дека во однос на настанатите промени кои произлегуваат од Одлуката за утврдување на мрежата на националните установи од областа на културата, од страна на Владата на Република Македонија не е донесен правен акт со кој се регулира правото и начинот на користење на недвижните и движните ствари со кои

[11] Сл. весник бр. 84/03 и 13/11
[12] член 18 и член 44

располагале претходно формираните правни субјекти како и нивните правни наследници.

Уписот на правото на сопственост над недвижниот имот со кој располага НУ Албански театар [13] е извршен врз основа на Судско решение за регистрирање на правен субјект, а начинот на користење на движните ствари (опрема, мебел и слично) до моментот на вршење на ревизијата е нерегулиран.

Исто така во АКН[14] е запишано правото на користење на НУ Албански театар на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија за кое на ревизијата не и беше презентиран акт од Владата со кој се регулира правото на времено односно трајно користење на земјиштето.

Неутврденото право и начин на користење на недвижните и движните ствари, влијае на економичното и соодветно користење, чување и заштита на имотот во државна сопственост.

4.2. Согласно Законот за културата, орган на управување на национална установа е управниот одбор кој го сочинуваат пет претставници што ги именува и разрешува министерот за култура и туризам, од кои двајца претставници се од редот на истакнати поединци од областа на културата, еден од локалната самоуправа и двајца претставници од вработените во установата.

Претставникот на локалната самоуправа во управниот одбор го предлага градоначалникот на единицата на локалната самоуправа каде што се наоѓа седиштето на установата.

Имајќи ги предвид законски дефинираните надлежности на УО, ревизијата истакнува дека, УО на НУ Албански театар во континуитет функционира без претставник од локалната самоуправа. Исто така во различни временски периоди УО функционира и без законски предвидениот број на претставници од редот на вработените или на истакнати поединци од областа на културата.

Во текот на ревизијата со Решение[15] од министерот за култура и туризам, на предлог на градоначалникот назначен е и член на УО како претставник од локалната самоуправа.

4.3. Со извршената ревизија обелоденуваме состојба која се однесува на внатрешната организација и систематизација на работните места во НУ Албански театар.

Согласно Правилникот за внатрешна организација[16] во НУ Албански театар формирани се Административен сектор со четири одделенија, Даватели на

[13] Имотен лист бр. 9248
[14] Имотен лист бр. 106291
[15] Бр.44-787/2 од 02.02.2026 година
[16] Бр.01-289/1 од 02.09.2020 година

услуги и Помошно технички сектор. Со увид во актите за организација и систематизација на работните места ги утврдивме следните состојби:

- во рамки на Секторот за административни, општи и правни работи предвидени се: Одделение за материјално финансисиско работење, Одделение за маркетинг и односи со јавност, Одделение за општи работи и Одделение за административни, општи и правни работи, за кои не се предвидени работни места - раководители на одделенија;
- во рамките на одделенијата[17] не се предвидува соодветен број на работни места согласно член 6 од Уредбата за начелата за внатрешната организација на органите на државната управа според која одделение се формира доколку за спроведување на определена функција може да се систематизираат најмалку пет работни места;
- формиран е Помошно технички сектор во чиј состав не се предвидени одделенија што не е во согласност со член 5 од Уредбата за начелата за внатрешната организација на органите на државната управа, каде е утврдено дека во состав на еден сектор влегуваат најмалку две одделенија и
- постои неусогласеност помеѓу Правилникот за организација на работните места и Правилникот за систематизација во делот на називот на Административен сектор односно Секторот за административни, општи и правни работи и Уметничкиот сектор односно Даватели на услуги.

И покрај горенаведените состојби ревизијата истакнува дека од страна на Министерството за информатичко општество и администрација добиени се согласности за актите за организација и систематизација на работните места.

4.4. Согласно Основниот сообраќаен проект[18] изготвен за потребите за вршење на реконструкција на НУ Албански театар, се предвидува и реконструкција на неуредениот паркинг просторот кој се наоѓа на јужната страна на театарот, на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија[19], а наменет за публиката на театарот со капацитет од 104 возила.

Во однос на начинот на користење на паркинг просторот, ревизијата истакнува дека од страна на НУ Албански театар до Министерство за транспорт и врски, Министерство за култура и Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, доставени се Пријави за узурпација[20]и Барање за инспекциски надзор[21] доставено до МК. По извршениот инспекциски надзор од страна на

[17] Освен за Одделението за материјално финансиско работење
[18] Основен сообраќаен проект со тех.бр. 03-62/11 од декември 2011 година
[19] со право на користење на НУ Албански театар - Скопје согласно ИЛ бр.106291
[20] бр. 03-232/1 од 23.06.2020 година и бр. 03-233/1 од 23.06.2020 година
[21] бр. 03-303/1 од 09.09.2020 година

МК, а согласно Записник за извршен инспекциски надзор[22] и Решение[23], НУ Албански театар има доставено до МТВ, ДИГУ и Инспекциски совет, Ургенција за постапување по пријава за узурпација[24].

Во однос на поднесените Пријави, до моментот на вршење на ревизијата не е добиен официјален писмен документ за преземените мерки од страна на надлежните органи, ниту состојбата е надмината.

4.5. Ревизијата истакнува дека во периодот опфатен со ревизијата, во тек се две судски постапки во која НУ Албански театар се јавува како тужител и тоа:

- по основ на надомест на штета во вкупен износ од 4.499 илјади денари и
- по основ на давање под закуп на деловен простор – бифе кој се наоѓа во рамките на објектот на НУ Албански театар.

Имено од страна на поранешен в.д директор на Националната установа, во текот на 2020 година склучен е Договор за закуп[25], согласно кој ресторанот/бифето се дава под закуп за период од 3+2 години и месечен надомест од 32 илјади денари.

За склучениот договор за закуп, не е спроведена постапка за давање под закуп на недвижни ствари предвидена со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ниту националната установа има остварено приходи по основ на закуп на деловен простор - бифе.

Од тие причини, по промената на одговорното лице на националната установа, доставено е Барање до Министерството за култура за вршење на инспекциски надзор[26] над работењето на установата за период од 02.03.2020 - 02.09.2020 година. По извршениот инспекциски надзор составен е Записник и издадено е Решение за утврдените неправилности во однос на работењето. Согласно Решението, во однос на склучениот Договор за закуп, НУ Албански театар се задолжува да поднесе Барање до МК за иницирање на судска постапка, за што националната установа има доставено Дописи бр. 03-367/1 од 20.10.2020 и бр.03-367/2 од 13.11.2020 година.

По однос на наводите утврдени со инспекцискиот надзор, НУ Албански Театар има поднесено Кривична пријава до Основното јавно

[22] бр. 03-338/2 од 05.10.2020
[23] бр. Ип.1 бр.57-64 од 06.10.2020 (арх.03-341/1 од 08.10.2020)
[24] бр.03-366/1 од 20.10.2020 година
[25] бр. 3-260/1 од 18.07.2020 година
[26] бр. 03-303/1 од 09.09.2020 година

обвинителство[27] и Дополнување на кривичната пријава на 07.05.2021 година.

Бидејќи станува збор за судски постапки што се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност за идни финансиски импликации врз буџетот на националната установа.

## 5. Останати прашања

5.1. Со Актот за систематизација на работните места во НУ Албански театар, покрај другото се дефинираат и работните задачи и обврски на давателите на јавни услуги, а со член 77- к од Законот за културата предвидена е обврска за континуирано следење и оценување на ефектот на давателите на услуги, како и нивна дисциплинска одговорност за повреда на работата и работните задачи. Имајќи ги предвид состојбите утврдени во точка 3.2.2. кои се однесуваат на не целосно ангажирањето на давателите на услуги во реализирање на годишните програми на националната установа, ревизијата истакнува дека со правната рамка не се предвидени механизми за ангажирање на давателите на услуги во реализација на работните задачи утврдени со актите за систематизација и активностите предвидени со годишните програми за работа, со што се оневозможува нивно реално следење и оцена на нивниот ефект.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 17.11.2025 до 10.03.2026 година, кај Национална установа Албански театар - Скопје од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Национална установа Албански театар - Скопје, застапувано од:

[27] бр. 03-381/1 од 28.10.2020 година

- Адем Карага, поранешен в.д директор и директор од 21.08.2020 година[28] до 24.07.2024 година[29];
- Вјолца Бектеши Хамити, поранешен в.д директор од 24.07.2024 година до 29.11.2024 година[30] и
- Хисмет Рамадани, директор од 29.11.2024 година[31].

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се

[28] в.д директор согласно Решение бр. 4483/2 од 21.08.2020 година до моментот на негов избор за директор со Решение бр. 44-3391/2 од 18.03.2022 година
[29] Решение за престанок на мандат на директор бр. 44-6449/3 од 24.07.2024 година
[30] Решение за именување на в.д директор број 44-6449/4 од 24.07.2024 година и Решение за престанок на в.д директор бр. 44-10655/1 од 29.11.2024 година
[31] Решение за избор на директор бр.44-10655/2 од 29.11.2024 година

резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Национална установа Албански театар - Скопје, врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. При оценка на системот на внатрешни контроли, а со цел да се утврди дали истите се дизајнирани и функционираат согласно Законот за јавна

внатрешна финансиска контрола[32] и Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор, ревизијата ги утврди следните состојби:

- не се донесени интерни процедури за значајни процеси, меѓу кои и акт за текот на движење на документацијата за секое ниво на одговорност, распределба на должностите и одговорностите за лицата вклучени во процесите, што не е во согласност со Стандард 12 според кој субјектот од јавниот сектор треба да утврди пишани процедури за важните активности, особено за економските операции и истите да ги достави до сите инволвирани вработени;
- не се назначени лица за вршење на ex-ante и ex-post финансиска контрола што не е во согласност со член 16 од ЗЈВФК според кој контролите опфаќаат поделба на должностите на начин со кој нема да се дозволи едно службено лице во исто време да биде одговорно за одобрување, извршување, сметководство и контрола и член 21 од ЗЈВФК според кој финансиската контрола треба да обезбеди финансиските трансакции, расходите или приходите да бидат проверени, пред и откако трансакциите ќе бидат целосно завршени и истото создава ризик од неоткривање на неправилности и
- согласно актот за организација формирано е Одделение за материјално финансиско работење за кое не е систематизирано работно место за раководител на единица за финансиски прашања, што не е во согласност со член 9 од ЗЈВФК.

Горенаведените состојби упатуваат на не воспоставен систем на внатрешни контроли, што создава ризик од евидентирање на финансиски трансакции во деловните книги кои не се темелат на веродостојна сметководствена документација и истите да се нецелосно, точно, прецизно и ажурно евидентирани.

Препорака

Одговорните лица во НУ Албански театар да преземе мерки и активности за:

- донесување на пишани процедури за важните активности, особено за економските операции и истите да ги достави до сите инволвирани вработени;
- назначување на лица за вршење на ex-ante и ex-post финансиска контрола и
- систематизирање на раководно лице на единицата за финансиски прашања.

[32] Сл. весник бр. 90/2009; 12/2011; 82/2013; 188/2013; 192/2015; 147/2017. Од 17 декември 2024 година во примена е Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (Сл. весник бр.255/24)

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој конечен извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Национална установа Албански театар – Скопје одржан на ден 10.03.2026 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Од страна на НУ Албански театар доставен е Допис бр.03-271/2 од 08.05.2026 година заведен во Државниот завод за ревизија под бр.29-641/7 од 12.05.2026 година, со кој се информира дека одговорното лице нема забелешки по однос на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2024 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 76.269 | 69.881 |
| **Вкупно приходи** | | **76.269** | **69.881** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 67.740 | 58.773 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 4.835 | 7.298 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 3.694 | 3.799 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **76.269** | **69.870** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | | 0 | 11 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **11** |
| **Вкупно расходи** | | **76.269** | **69.881** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 1.368 | 1.359 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.2. | 7 | 7 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 7.785 | 7.928 |
| Залихи | 4.1.4. | 640 | 640 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.800** | **9.934** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 1.568 | 1.568 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 13.116 | 12.822 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.3. | 641.187 | 641.187 |
| **Вкупно постојани средства** | | **655.871** | **655.577** |
| **Вкупна актива** | | **665.671** | **665.511** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.782 | 2.637 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 24 | 17 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 5.986 | 5.281 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 541.502 | 541.494 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **549.294** | **549.429** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 116.377 | 116.082 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **116.377** | **116.082** |
| **Вкупна пасива** | | **665.671** | **665.511** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2024 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2024 година | 115.442 | 640 | 116.082 |
| Зголемување по основ на: | 1.025 | - | 1.025 |
| Ревалоризација на капитални | 1.025 | | 1.025 |
| Намалување по основ на: | 730 | - | 730 |
| Отпис на капитални средства | | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 372 | | 372 |
| Амортизација | 358 | | 358 |
| Состојба 31.12.2024 година | 115.737 | 640 | 116.377 |